# ПОВИК 01/2018

За ангажирање на експерт за одржување фокус групи

**Инструкции за понудувачите**

**1. Договорен орган**

Здружение за мултиетнички и мултикултурен соживот ВИЗИЈА КОН ИДНИНАТА Струга, има потреба од набавка на услуга за ангажирање на еден експерт за одржување фокус групи.

**2. Предмет на договор за набавка на услугата**

Ангажирање на еден експерт за одржување фокус групи

Потребни квалификации:
- универзитетско образование од областа на општествените науки, јазици, социјологија, новинарство, и др.,
-искуство за организирање на тренинзи и обуки, пишување на анализи, стратегии и планови за работа,
- предност работно искуство со Европски проекти и работа со мешани меѓуетнички групи и вештини за градење интеркултурна доверба,

**3. Опис на услугата**

Услугата за ангажирање на еден експерт за одржување фокус групи треба да опфати 3 дена одржување на фокус групи со најмалку 10 млади од 14-18 годишна возраст од различни етнички заедници од општините Струга, Дебар и Кичево на тема младински активизам, и 1 ден презентација на анализата од резултатите на фокус групите.
Специфични цели: оржување на фокус групи, подготовка на анализа од резултатите од фокус групите, презентација на анализата од резултатите на фокус групите.

**4. Временска рамка**

Услугата треба да се испорача во периодот 04/2018 – 05/2018, и тоа 3 дена фокус групи и 1 ден за јавна презентација на анализата од резултатите на фокус групите, во период од 2 месеци.
Здружение за мултиетнички и мултикултурен соживот ВИЗИЈА КОН ИДНИНАТА Струга го задржуваправото на измена на временската рамка и испораката на нарачаната услуга од страна на добавувачот во зависност од потребите на идните активности во рамките на проектот.

**5. Изготвување на понудите**

Набавката ќе се реализира од страна на добавувачсот со искуство за испорака на ваков тип на услуги. Здружение за мултиетнички и мултикултурен соживот ВИЗИЈА КОН ИДНИНАТА

Струга во согласност со одредбите на договорот со донаторот спроведува ограничен повик со прибирање на најмалку 3 понуди.
Квалитативната понуда треба да се состои од:

- Кратка биографија (CV) на експертот

**6. Начин на доставување на апликација**
Понудите да се доставуваат по електронски пат на vision_2016ca@hotmail.com
Краен рок за аплицирање е 13.04.2018 година.
Апликациите што ќе пристигнат по наведениот рок, нема да бидат земени предвид.

**7. Услови и начин на плаќање**
Попотпишување на договорот за испорака на услуги, плаќањето ќе биде по целосно извршување на услугите предвидени со овој повик.

**Постапка за избор**
**8. Критериуми за доделување на договор**
Изборот на добавувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда.

| **Елемент** | **Бодови** |
|---|---|
| Образование од побараната област | 40 |
| Искуство во исто или слични задачи | 60 |
| **Вкупна оцена** | **100** |

**9. Отворање на понудите**
Понудите ќе бидат отворени на ден 14.04.2018 година, во 12 часот, во седиштето на организацијата во Струга.

**10. Известување на понудувачите**
Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за набавка со прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за набавката.